НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
.ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година II
број 17
26 Мај
2006 год.

Средба на премиерот Бучковски со пензионерскиот актив на Македонија

## Со меморандум зголемување на пензиите до 10 отсто во наредниот период

Во Сојузот на пензионерите на Македонија вчера се одржа средба со пензионерскиот актив на која присуствуваше претседателот на Владата на Република Македонија Владо Бучковски и члe-



нови на Владата Стевче Јакимовски, министер за труд и социјала, Владо Димов, министер за здравство како и директорот на Фондот на ПИОМ Бошко Китановски.

Премиерот и неговите соработници ги информираа претседателите на здруженијата на пензионери од нашата земја и членови на Извршниот одбор на СЗПМ за согледување и решавање на прашањата што се од интерес за пензионерите. Притоа премиерот Владо Бучковски најави зголемување на пензиите до 10 отсто во наредниот период од две години, укинување на партиципацијата на лекови во најскоро време и бесплатно доставување на пензиите од македонски пошти што веќе е во собраниска процедура. Во врска со сето ова се заклучи да се потпише и меморандум.

Во уводните напомени, претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски нагласи дека поради реконструкции на правата од пензиско и инвалидско осигурување во овој транзиционен период дојде до значителен пад на стандардот на 270.000 пензионери во нашата држава. Поради тоа, пензионерите очекуваат решавање на овие прашања од животен интерес.

**Д. Арг.**

Прес конференција во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за јулските парламентарни избори

# Ќе се гласа само за листи на кои ќе има пензионери

На почетокот на овој месец во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се одржа прес конференција на која новинарите беа информирани за поднесеното барање упатено до сите политички партии во врска со претстојните парламентарни избори. Притоа се истакна дека СЗПМ според својот Статут и Програма е масовна невладина и непартиска граѓанска асоцијација на пензионерите на Република Македонија. **Пензионерите на број од околу 270.000 се животно заинтересирани годинава да се избере Собрание и Влада кои ќе покажат понагласен интерес за нивната положба и стандард, обезбедување на помирен и побезбеден живот, повисоко ниво на демократски односи, владеење со правото и правната држава.**

СЗПМ се обрати до сите партии кои ќе учествуваат во изборите со укажување дека на определбата на пензионерите за поддршка на листите на пратеници силно влијание ќе имаат програмските заложби на партиите и носителите на кандидатските листи и ако се застапуваат за:


Пензионери од Аеродром - Скопје во посета на „Хераклеа“

**1. Редовна исплата на пензиите;**

**2. Редовно усогласување на пензиите;**

**3. Укинување на трошоците за поштарина при исплата на пензиите;**

**4. Укинување на партиципацијата во трошоци за лекови и лекување во здравствени установи за осигуреници постари од 65 години;**

**5. Да продолжи исплата на разликата на место завршената исплата на 8%;**

**6. Овозможување на претставници на пензионерите да учествуваат во работата на седниците на работните тела на Собранието на Република Македонија кога се донесуваат закони од областа на пензиското и здравствено осигурување за да можат автентично да ги застапуваат правата и интересите на пензионерите;**

**7. На кандидатските листи за пратеници да внесат и пензионери.**

Во името на СЗПМ на средбата со претставниците на медиумите учествуваа претседателот **Душко Шурбановски,** потпретседателот **Андон Марковски** и секретарот **Чедо Георгиевски**. Беше изнесено дека Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ оценувајќи ја општествено-економската положба на пензионерите во нашата држава констатирал дека таа е мошне неповолна.

Материјалната положба на пензионерите од година во година се влошува и покрај гаранцијата утврдена со член 34 од Уставот на Р.Македонија. Оваа одредба на Уставот им гарантира на граѓаните право на социјална сигурност и социјално осигурување во кое спаѓа правото на пензиското и инвалидското осигурување.

Големо влијание на оваа состојба имаат мерките на органите на државата. Така за целиот период на транзицијата, сите закони од областа на пензиското и здравственото осигурување имаа рестриктивен карактер со што систематски се намалува стандардот на корисниците на пензија. Така на пример додека во 1992 година просечната пензија во однос на просечната плата изнесуваше кај старосните пензионери 85,6%, а во 2004 година 67,7%, а просек за сите категории 77,1% во 1992 на 59,3% во 2004 година.

Секоја година се зголемува бројот на пензионерите чии примања се под нивото на толерантноста. До 3.900 денари примаат над 8,1 % од вкупниот број пензионери, до 6.000 денари 48,7%, а над 10.000 денари примаат околу 18%. Само овој број корисници на пензија обезбедува стандард до линијата на сиромаштијата. Ако се има предвид податокот дека најголемиот број пензионери од така нискиот износ на пензијата ги поддржува материјално децата со нивните деца, тогаш економската положба на мнозинство на корисници на пензија е уште полошо и тие живејат во сиромаштија.

Со други зборови СЗПМ предупредува дека секоја година се зголемува бројот на пензионери чии примања се под нивото на толерантноста, односно дека околу 57 отсто од пензионерите во Република Македонија или околу 160.000 лица живеат со помалку од 6.000 денари месечно.

И не само тоа: Со Законот во 1995 година се пропиша трошоците за доставување на пензиите преку поштенски доставувачи да бидат товар на пензионерите.

Воедно со Законот се изврши "национализација" на клубовите и домовите на пензионерите во корист на Државата, пренесувајќи ги на управување на ФПИОМ. Најголемиот број здруженија имаат валидна документација за докажување на сопственоста над овие објекти.

- Со Закон се укина ослободувањето од плаќање партиципација за лекувањето и лековите за постарите лица од 65 години.

На лековите се воведе стапка на ДДВ од 18% исто како за акцизните стоки-поради што најголемиот број пензионери се во дилема дали да купат леб или лек.

**Новинарите со посебна нагласка беа информирани и за проблемот со усогласувањето на пензиите, бидејќи со Законот за пензиско-инвалидско осигурување од 2003 година наместо според порастот на просечно исплатените плати во државата се донесе ново решение и се воведе начин на усогласувње по два основа: за 20 отсто од просечно исплатените плати во шестомесечието споредено со предходното и за половина од 80 отсто, односно за 40 отсто од индексот на порастот на трошоците на живот во претходното шетомесечие.**

Оваа промена на начинот на усогласувњето на пензиите во 2003 година има негативно влијание на стандардот на пензионерите, а ако остане во сила ваквото законско решение и во наредниот период, тоа ќе има уште потешки последици на стандардот на пензионерите. Ова од причини што се сè погласни барањата на бизнисментие да се "олабави" монетарната политика, да се дозволи конторлирана инфлација за да се создаде стимулс за нови инвестиции и пораст на производството и услугите. Веќе се назираат ефектите од ваквите барања. Се очекува пораст на цените на енергенсите-струјата, парното, а на нафтените деривати катадневно се менуваат цените. Сето ова бездруго ќе има домино ефект врз цените, а со тоа и врз трошоците на живот.

Затоа за да се ублажи ефектот од овие очекувани монетарни движења треба да се измени сегашното решение во ЗПИОМ -усогласувањето што се врши за 40% од индексот на порастот на трошоците на живот. Најдобро решение би било усогласувањето на пензиите по овој основ да изнесува 80% и 20% спроед порастот на просечно исплатените плати во државата. Ваквото решение ќе го амортизира ударот на цените врз стандардот на корисниците на пензија. Надлежните органи треба постудиозно да го разгледаат ова прашање за да се најде пофлексибилен начин на усогласувње кој ќе го заштити, ако не го унапреди сегашното ниво на стандард на армијата корисници на пензија.



Образложувајќи ја тежината на овие проблеми **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ истакна:

"Темата е актуелна, а како основен повод за средбата со новинарите е дека во овој транзиционен период пензионерите се чувствуваат подредени, бидејќи постојано се изложени на рестрикции на правата од пензиското и инвалидското осигурување. Со законите што се донесени во овој период наместо да се подобрат условите за живот на пензионерите, намалена е висината на пензиите, како и начинот на усогласувањето со животните трошоци и платите.

Поради тоа СЗПМ покрена неколку иницијативи за измена и дополнување на одредени закони, што беа испратени до претседателот на Собранието со молба да ги достави до сите пратеници. Меѓутоа, за жал, ниту една од тие иницијативи не ги заинтересираа пратениците и не се поставија на дневен ред пред законодавниот дом. Поради тоа сме принудени да побараме од политичките партии во периодот на предизборната кампања да стават на своите листи за кандидати за пратеници и пензионери. Секако таквите листи ќе бидат поддржани од пензионерската асоцијација со предлог пензионерите да гласаат за нив.

За да можеме да бидеме присутни во Собранието посебно кога се однесуваат закони од витално значење за пензионерите, имавме и идеја за формирање интерпарламентарна група од членовите на парламентот, која би лобирала за некои наши иницијативи. Според Уставот пратениците ги претствуваат граѓаните, а не партиите и во Собранието одлучуваат по свои уверувања. Сега има само еден пратеник-пензионер.

**Сакаме на овој начин да ги анимираме политичките партии и да и укажеме оти има 274.000 пензионери со право на глас и поголем број од нив ќе гласаат за таа политичка партија која ќе ги застапува нивните интереси или ако на листата за гласање најдат име на истакнат пензионер. Во спротивно има опасност многу пензионери да апстинираат од гласање, бидејќи последиците се големи од укинувањето на 8 насто и од неусогласеноста на пензиите со зголемените животни трошоци, од укинување на К-15, како и од воведување партиципација за лекување и лекови на постари пензионери од 65 години" и друго.**

На пресот, во разговор со новинарите **Андон Марковски**, потпретседател на СЗПМ нагласи:

"Во оваа пригода треба да додадам дека само за поштарина за доставување на пензиите месечно се задржуваат околу 12 милиони денари, односно годишно со над 170 милиони денари по овој основ се празнат џебовите на пензионерите.

На премиерот му е даден елаборат за сите овие прашања.

**Раководната структура на СЗПМ на крајот потенцира дека пензионерите во нашата земја својот глас ќе го дадат за партии кои во своите програми реално ќе ги третираат нивните пробелми и ќе предлагаат конкретни мерки за нивно решавање и ако на листите за пратеници имаат и пензионери. Дотолку повеќе што меѓу 274.000 пензионери во нашата држава има квалитетни личности од сите области на живот и занимања со богато животно искуство, знаење и готовност да се вклучат и ангажираат во остварување на стратешките определби за подобра Македонија.**

Одзивот од оваа прес-конференција беше задоволителен со пригодни информации во Македонско радио и телевизија, во Канал 5, во "Вест", "Нова Македонија", "Утрински весник", "Дневник" и други. За оваа проблематика со писма до јавните гласила се јавија пензионери од Кичево, Битола и други места.

**Д. Аргировски**

**Две средби со повод за претстојните активности на спортски и културен план на пензионерите во Македонија**

Андон Марковски – потпретседател на СЗПМ

# Единаесетите пензионерски спортски натпревари во духот на традициите



**o Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и годинава продолжува традицијата на одржувањето на пензионерски спортски натпревари. Какви се досегашните подготовки за оваа значајна активност на пензионерите во Македонија?**

- Веќе единаесета година Сојузот на здружението на пензионерите на Македонија организира општински, регионални и републички пензионерски спортски натпревари. Сообразно на новиот Правилник со пропозиции за организирање и спроведување на спортски натпревари и игри на пензионерите во здруженијата, регионите и Републиката најпрвин се одржуваат општинските средби, што се планира да завршат до крајот на овој месец.

**o Секако, веќе е прецизирано кога и каде ќе се одржат регионалните натпревари?**

- Точно. Се определени осум регибни, со места и датуми на одржување, како и здруженија што ќе учествуваат.

**Во првиот регион** ќе се натпреваруваат најдобрите од скопските здруженија Центар, Гази Баба, Кисела Вода и Чаир на **3 јуни** на спортските терени кај хотел „Белви". Домаќин З.П. „Гази Баба".

**Во вториот регион** силите ќе ги одмерат нај-



добрите спортисти-пензионери од здруженијата: Карпош, Тетово, Гостивар и ОВР на **17 јуни** на спортските терени кај езерото "Треска". Домаќин ЗП „Карпош".

**Во третиот регион** се очекува присуство на натпреварувачи од Битола, Ресен, Прилеп, Крушево и Демир Хисар. На **24 јуни** домаќин е ЗП „Прилеп" на спортските терени кај Базен.



**Во четвртиот регион** ќе учествуваат најдобрите од општинските здруженија: Охрид, Струга, Лабуништа, Дебар, Кичево и Македонски Брод, а домаќин на **3 јуни** на спортските терени кај Крушино ќе биде ЗП Кичево.

**Петтиот регион** ги опфаќа најдобрите пензионери спортисти од Велес, Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија, Богданци и Стар Дојран. Натпреварите ќе се одржат кај хотел Парк на **31 мај,** домаќин ЗП Неготино

**Шестиот регион** се Куманово, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и Злетово, домаќин ќе биде ЗП Пробиштип на **8 јуни** на спортско игралиште.



**Седмиот регион,** исто така, опфаќа спортисти кои изедначено ќе се борат за приматот. Во овој регион се здруженијата Штип, Радовиш.Струмица, Свети Николе, Лозово и Ново Село. Домаќин на **3 јуни** ќе биде ЗП Струмица.

**И во осмиот регион,** секако ќе има интересни средби, со оглед на тоа што тука силите ќе ги одмерат најдобрите од здруженијата: Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево, Берово и Виница. Домаќин на овој регион ќе биде ЗП Кочани на **18 јуни**, а натпреварите ќе се одржат на спортскиот центар.

На регионалните спортски натпревари ќе учествуваат прваците на општинските средби во девет дисциплини: тегнење јаже, фрлање ѓуле, стрелаштво, пикадо, трчање, скок од место, шах, табла и домино.

**o Значи, месец јуни ќе мине во знакот на регионалните спортски натпревари на пензионерите. Кога се планира одржување на XI-тите Републички пензионерски спортски натпревари?**

- На финалната средба ќе учествуваат прваците на регионите во сите девет дисциплини. Републичките пензионерски спортски натпревари годинава ќе се одржат на 9 септември на спортските терени на автокампот Крани кај Ресен.

**o Имате децениско искуство во одржувањето на овие средби. Какво е значењето на овие спортски натпревари на пензионерите во Македонија?**

- Спортот е повод, а целта е дружењето, меѓусебното запознавање, размена на искуства, рекреација и слично. На завршната средба очекуваме да присуствуваат околу илјада пензионери од сите краеви на Македонија, од кои околу 300 учесници спортисти, потенцијални освојувачи на златни, сребрени и бронзени медали.

Најдоброто здружение ќе добие преоден пехар, а според првилникот кој неодамна беше усвоен, ако трипати едноподруго се освои пехарот, тој останува во трајна сопственост на победникот. Новина е и тоа што наместо брзо одење е воведен натпревар во табла.

За примена на новиот Првилник непосредно ќе се грижи Републичката комисија за спорт и рекреација при ИО на СЗПМ.

Чедо Георгиевски, секретар на СЗПМ

# Фолклорот е творештво и традиција што треба да се негува



**- Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија годинава по четврти пат ќе ги организира фолклорните ревии на пензионерите во нашата земја.- Какво е значењето на овие културно-забавни пензионерски манифестации?**

- Главната поента произлегува од сознанието на потребата од пензионерско дружење на културен план, во негувањето на фолклорното творештво и традициите, да се поттикне еден таков ангажман во пензионерското дејствување, дека љубовта кон песната, играта и музицирање не спласнува со годините, туку напротив она што е убаво и добро еднакво е привлечно и за млади и за стари. Со други зборови фолклорот како народно творештво, песните, обичаите, танци, игри, носии, пословици и друго се во фокусот на вниманието на сите генерации. Со оглед на тоа што и пензионерите сакаат да запеат или слушаат убава песна, да заиграат во коло, да се другарува тоа беше и мотив во СЗПМ и неговата Комисија за културни самодејности да се покрене иницијатива за организирање фолклорни ревии.



Првата регионална ревија се одржа во 2003 година во Пробиштип, потоа во 2004 година во Штип, Велес и Куманово, а во 2005 година во Тетово, Неготино и Кочани. Минатата година во Универзалната сала во Скопје се одржа и Првата Републичка фолклорна ревија на пензионерите од Република Македонија.

**-Какви новини се предвидуваат за годинава?**

-Првата републичка ревија на песна,игра и музика беше мошне квалитетна, но имаше реагирања поради селективноста на жири-комисијата,која си ја изврши успешно својата работа. Се настојува да се сочува мотото најважно е да се учесвува и да се добие што поголема масовност, бидејќи квантитетот носи квалитет, со тоа што аплаузот од публиката ќе биде соодветна награда за секој учесник. Се смета дека речиси секое здружение има сили да создаде квалиатетен културно-забавен приказ посебно на изворниот фолклор од своето подрачје.

**-Новото прашање е асоцирано од досега искажаното. Во кои градови, кога и со кои учесници ќе се одржат регионалните ревии?**

- Организациониот одбор за годинашниве пензионерски ревии на песна, игра и музика, согледувајќи ги сите релевантни состојби на овој план, заклучи да се овозможи учество на ревиите на што поголем број здруженија. И годинава ќе се одржат три регионални ревии во Велес, Гостивар и Свети Николе.

Регионалната средба во **Свети Николе** ќе се одржи во Домот на културата на **15 јуни** со учество на пејачки и играорни



групи на Здруженијата на пензионерите од Берово, Виница, Делчево, Злетово, Кочани, Лозово, Пробиштип, Радовиш, Кратово, Струмица, Штип и Свети Николе.

Ревијата во **Велес** ќе се одржи на **21** јуни во салата на кино "11 Октомври" со учество на Здруженијата на пензионерите од Прилеп, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Валандово, Богданци и домаќинот Велес.

И во Гостивар се обезбедени добри услови за ревијата, која ќе се одржи на **28 јуни** во Домот на културата "АСНОМ" со учество на Здруженија на пензионери од скопските општини: Гази Баба, Кисела Вода, Центар и Карпош, Тетово, Гостивар, Македонски Брод, Куманово и Охрид.

**- На предлог на организациониот одбор Извршниот одбор на СЗПМ донесе одлука годинава да се одржат и две меѓурегионални ревии. Каков е концептот и кога ќе се одржат овие културни манифестации на пензионерите од нашата земја?**

- Да, годинава во есен утврдено е да се одржат меѓурегионални ревии, а домаќини ќе бидат Здруженијата на пензионерите од Струмица и Прилеп, со учество на сите здруженија со избор на програма од регионалните ревии. При тоа нема да има селекција, туку ќе се остави правото секое здружение со која квалитетна изведба ќе се претстави. На овој начин се очекува не само да се создаде квалитетна програма, туку и задоволство на сите учесници во годинашниве ревии, што треба да биде и поттик за заживување на културните самодејности и во оние здруженија кои досега во тоа немаат остварување.



Во целина очекуваме на годинашниве ревии пензионерите од Република Македонија и овој пат да прикажат интересни и квалитетни програми, да дадат свој придонес во негувањето на фолклорните традиции, но и да создадат пријатна атмосфера на дружење и забава.

**Разговорите ги водеше**
**Драги Аргировски**

Фотозапис од Лешок

# Традиционална пензионерска средба „На зелено поле“

Овогодишната традиционална средба "На зелено поле" на пензионерите од Здруженијата членки на СЗПМ се одржа во манастирскиот комплекс "Св. Атанасиј" во с. Лешок, кај Тетово.

Учеството на 1.500 пензионери сведочи за интересот на пензионерите за ваквите традиционални средби.

Најмасовно беше учеството на пензионерите од Неготино со 300 учесници кои допатуваа со шест автобуси, потоа прилепчани со 200 учесници, а не беше мала и заинтересираноста и посетеноста на останатите учесници од здруженијата на пензионерите од Кавадарци, Велес, Свети Николе, Карпош и Центар-Скопје, Кратово, Гостивар и домаќинот Тетово.



Седенка, веселба и другарување за незаборав



Добредојде на сите посетители и гости им посака претседателот на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите од Тетово **Славе Лазаревски** кој истакна дека масовноста на пензионерите е доволен доказ за заинтересираноста на пензионерите за средбите "На зелено поле". Беше упатен и апел до останатите здруженија членки на СЗПМ да се приклучат кон оваа традиционална манифестација.

За постанокот и историјата на "Лешочкиот манастир" свое излагање имаше претставник на МПЦ, задолжен за комплексот, кој одржа и парастос на гробот на просветителот Кирил Пејчиновиќ што се наоѓа во кругот на овој манастирски комплекс, а делегација на пензионерите положи цвеќе.



Организаторот на оваа средба Здружението на пензионерите Тетово за сите посетители и гости обезбеди и реализира богата музичка програма која придонесе за општата веселба на сите посетители, со заедничко оро и игра.

Срдечно беа поздравени и солистите на гајда од Здружението на пензионерите од Кратово и Прилеп.

**Свето Димовски**

СКИЦА ЗА ПОРТРЕТ **Новко Петрушевски**

# Активист и хуморист



Има нешто посебно, специфично и привлечно кога е во прашање Новко Петрушевски, кој од 2000 година е член на Пензионерското здружение "Куманово". Сознанието се понесува од минатото и сегашноста за конечено никогаш да не може да се донесе вистинската слика за него најверојатно затоа што таа постојано се надополнува. До пензионирањето беше вработен во Професионалната противпожарна единица. Според неговото опишување на пожарникарската професија, таа припаѓа на високо ризичните и опасни занимања затоа што и најобичниот пожар и неговото локализирање и гаснење со себе носат ризици и непредвидливи состојби. Во носталгичното присеќање на годините поминати во пожарникарството ќе констатира дека со колегите остави неизбришливи траги на тоа минато време, но и на сегашноста која немаше да биде ваква доколку темелите што ги поставија не беа толку стабилни и долгорочни.

- Животот понекогаш може да не разочара. Се чувствуваме немоќни и изневерени што нема поинаква завршница. Меѓутоа во победата над болката ми помогна пишувањето. Како ученик ми одеше најлесно. Годините одминуваа, хуморот и сатирата на кумановски дијалект станаа мое поле на самоизразување, вели Петрушевски. При секоја средба со колегите пожарникари од срце ги засмејувам. Ми велат: - Батко Нове, имаш ли некоју нову, ама да гу чуемо онуј за Горку и Тасета и за л'жу дека он од њума немогаја на раат ни едну ракију да испие, а овам њекња с'ас комшику Верку цел ноќ бија.

Во секоја работа најдобро е идеите да се остварат. Моите да внесам ведрина и расположение кај луѓето успеаја. Се смеат од срце. Лекарите велат добро е за здравје, нам на пензионерите тоа најповеќе ни треба. Одушевена е и публиката на литературните читања на хумористично шегобијните творби што секоја година по повод Први април - Денот на шегата ги организира Комисијата за кутурно-уметнички самодејности. Во поново време во глумењето на ликовите на Ване и Тана се вклучени пензионерките Надежда Булатовиќ и Славица Ламбаша. Аплаузите и првоосвоените награди се најубавиот подарок и доживување за мене. И додека јавноста секојдневно е бомбардирана од информациите за корупцијата, невработеноста и сиромаштијата, Новко Петрушевски со исклучително хумористична литературна способност неуморно се труди да и го развесели животот. Ја полни својата песнарска разгледница водејќи притоа сметка никого да не повреди, сепак, секој да се пронајде себе си. И не само тоа. На свој начин успева да ги усогласи ангажманите во фолклорната и пеачката секција при КУД "Ѓоко Симоновски" ја турка идејата за формирање и предводење на драмската секција, а од крајот на 2002 година активно е вклучен во пензионерското спортско живеење. Женските и машките стрелци се под негова непосредна контрола. За стрелците од трето доба вели дека се на врвот меѓу најдобрите во државата. Според неговите согледувања волонтерското ангажирање е повеќе корисно. Пензионерите ги оттргнува од секојдневното едноличие, а од друга страна ги анимира и афирмира нивните креативни способности. Освен со хуморот и смеата Новко, алијас Ване, вели: Најубавото другарување во неговите години, какво што го имаат сите баби и дедовци, тој со сопругата Добрица го доживуваат со внукот Филип. На нашата љубов тој знае да возврати. Вели: - Послатки колачиња на светот и потопла прегратка нема од бабината, позаштитничка и другарска рака нема од дедовата.

Неговата љубов и насмевка секогаш не греат како наше сонце, топло, претопло.

**Т. АНТИЌ**
**Пензионерски информатор 10**
**ЗП Куманово**

### МОИ СВАЌЕ

Имам сваќе убави
Ви што ме слушате
немој да ве чуди
немој да ве чуди
што толко ги сакам и поштују
за тој други пут
по опширно ќе ви кажују.

С'га ќе ви кажу само нешто
сваќе си ги избирам
постепено и вешто
сваќу мoју к'д ќе гу виду
ништо не сакам
само до њума да биду.

Да гу слушам како ми ш'пка и
збори
од њума не се тргнују
па макар и нешто да гори.

**ДИМИТАР ЧАКАЛОВ**

# Вљубеник во сликарството и природата

Ако обичниот намерник го посети Богданци и ја побара најатрактивната личност, без проблеми ќе биде упатен кон пензионерот и ликовен уметник Димитар Чакалов, кој в педесетина година со четка во рака го има насликано целокупното живеење на Богданци- град во кој се родил и жеивеел.

Во ателјето во неговата куќа има безброј слики изработени од неговите раце, работени во техниката акварел.

Својата инспирација ја бара во природата, архитектурата, пејсажите, занимањето на луѓето, животните, реките и браните, настојувајќи да ги открие сите тајни на природата и ги збогати со својот колорит, поради што неговите слики личат и на фотографии.



Посебно атрактивни му се сликите од архитектурата на Богданци преку кој го следи развојот на една населба преку стари и нови куќи и објекти. Најголемата атракција претставува неговото најголемо дело насликано уште во 1966 година, во просториите на автобуската станица во Богданци каде на едно место се 42 слики од објекти, симболи на развојот на Богданци.

Меѓу неговите уметнички дела присутни се и слики работени со уље на платно на сточарски теми: крави, кози, млеко,сирење, кашкавал итн.

**ИНФО: ПЕНЗИОНЕРИ-**
**Гевгелија**

ФОТО ВЕСТ

Сојузот на Здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на Република Македонија, по повод 32 години од основањето и активното работење на Здружението на инвалидите на трудот од Гевгелија, одржаа заедничка средба на членството од Здруженијата од Берово, Битола, Валандово, Гевгелија, Куманово, Охрид, Кавадарци, Тетово, Штип, Центар и Аеродром, Скопје.



Годишна средба

Средбата се одржа на 2 април 2006 година во комплексот "Негорски бањи", кај Гевгелија, со учество на над 250 членови.

Покрај заедничкиот ручек и пригодната забава со музика беше извршена и размена на искуства помеѓу раководствата на Здруженијата и меѓу присутните членови.

Координативното тело на Активот на жени при Сојузот ја искористи средбата за одржување на одвоена седница на која беше избрана претседателка на Координативниот Одбор на Активот на жени за 2006 година.

**Ј. Аризанкоски**